РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-721/6
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-721/1 од 12.02.2025 година, со наводи за сомневање во постапка за отуѓување на државно земјиште на територијата на Општина ---------- - ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај има променета фактичка состојба, а меѓудругото во тек е постапка пред друг надлежен орган – Врховен суд на РСМ..

Предметот со број 12-721/1 од 12.02.2025 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 12.02.2025 година, доставена е пријава со наводи за сомневање во постапка за отуѓување на државно земјиште на територијата на ---------- - ---------- по што ДКСК оформи предмет број 12-721/1 од 12.02.2025 година.
Во пријавата е наведено е дека станува збор за КП бр. 393/2, КП бр. 400/3, КП бр. 1006/2 и КП бр. 1006/4, КО ---------- населба ---------- ---------, наменети за изградба на објекти со намена А4 – Времено сместување, кои биле отуѓени на лицето ---------- ---- ---------- со договор од 25.09.2012 година а кои подоцна со договор за дар од 02.12.2022 година биле подарени на Исламската верска заедница.

Во пријавата изнесено е дека за случајот има постапено Државното правобранителство за подрачје Гостивар, преку кое бил воден судски спор кој завршил со пресуда на Основен суд Гостивар П4бр.--/-- од --.--.----- година потврдена од Апелационен суд Гостивар со пресуда ГЖ бр.---/--- од --.--.------ година. Со пресудата, договорот за дар бил огласен за ништовен и земјиштето било вратено на лицето ---------- --------- по што истото било евидентирано во ИЛ бр.559 КО -----------=-на негово име, додека пак барањето за поништување на договорите за отуѓување на земјиштето склучени во 2012 година, било одбиено како неосновано.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање до Државното правобранителство на РСМ за прибирање на податоци и информации во врска со тоа до каде е постапката водена од Државниот правобранител за подрачјето на Гостивар по однос на судските пресуди донесени од Основниот суд и Апелациониот суд Гостивар, со достава на прилог документација/акти произлезени од надлежното постапување на Државниот правобранител за предметниот случај, како и барање до општина ----------- за произнесување дали по однос на предмиот случај биле преземени конкретни мерки и дејствија од надлежност на општината согласно нејзините законски надлежности со достава на прилог документација.

Од Државното правобранителство на РСМ доставен е одговор, во кој е наведено дека за предметниот случај била поднесена тужба од нивна страна и бил воден судски спор. По поднесената тужба донесена е пресуда од Основен суд Гостивар на --.--.----- година која е потврдена со пресуда од Апелационен суд Гостивар на --.--.----- година, а со кои договорот за дар на недвижен имот е огласен за ништовен, додека пак за договорите за отуѓување на градежно земјиште во државна сопственсот судовите даваат образложение дека истите не се ништовни туку истите можат да се раскинат од страна на договорните органи.
Од страна на Државниот правобранител на РСМ за подрачјето на Гостивар до општина ----------- на 17.04.2024 година било доставено известување со барање за постапување по однос на пресудите на Основен и Апелационен суд Гостивар П4.бр.--/-- од --.--.--23 и ГЖ. Бр. ----/--- од --.--.-- со кое е побарано Општината да постапи и веднаш да бидат раскинати двата договори за отуѓување на градежното земјиште, склучени помеѓу општината и ---------- ---------- во управна постапка, а се со цел да бидат избегнати понатамошни штетни постапки и спорови кои би предизвикале дополнителни трошоци.
Исто така, на истиот датум ДП на РСМ на двете пресуди има побарано ревизија пред Врховен суд по која постапката е во тек.

Дополнително, општината има донесено и конечна одлука со која барањето на лицето ---------- ------------- за издавање на одобрение за градење било одбиено. Од страна на општина --------- - ----------- во доставениот одговор е наведено дека на ден 17.04.2025 година, до Основниот суд Гостивар е поднесена тужба за раскинување на договорите ОДУ.бр. -------/--- од 25.09.2012 година и ОДУ.бр.--------/-- од ---.--.------ година.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај има променета фактичка состојба, а меѓудругото во тек е постапка пред друг надлежен орган - Врховен суд на РСМ, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК